РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2995/4
19.11.2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 55-тата седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата преку ///, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2759/1 од 20.05.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека друг орган постапува по наводите од пријавата на подносителот.

Предметот со архивски број 12-2759 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2759/1 од 20.05.2019 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи за изборен поткуп на гласачи за локалните избори во ///, одржани во 2013 година. Се посочува дека поткупот бил вршен со посредништво на службени лица од ///, така што непосредно пред одржување на изборите, на гласачите во /// им се делеле пакети со хуманитарна помош, спротивно на одредбите од Изборниот Законик на Република Северна Македонија. Наведени се

незаконитости по однос на внатрешното функционирање на /// со кои се оспорува легитимитетот на неговите органи т.е. изборот/мандатот на одредени членови во органите на ///. Последователно, пријавата на подносителот е дополнета од подносителот со барање ДКСК да го преиспита овој случај согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата како поткрепа на наводите доставени се докази.

При разгледувањето на пријавата и доставените докази, ДКСК констатира дека изнесените наводи се однесуваат на иста правна работа како и по однос на предметите заведени под архивски број 12-439 од 2015 година, 12-87 од 2016 година, 12-628 од 2017 година и 12-818 од 2018 година, а за што од страна на ДКСК биле преземени претходни дејства, па откако ДКСК ги изведе и изврши службен увид во списите од сите погоре наведени предмети, заради сеопфатно постапување по наводите од оваа пријава, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба, тие предмети ги спои со предметот оформен по оваа пријава на подносителот, кој во ДКСК е заведен под архивски број 12-2759 од 2019 година и презаведен под архивски број 12-2678 од 2020 година.

Постапувајќи по предметот, ДКСК од надлежните органи прибави податоци, информации и документација и по оценка на секој одделен доказ, како и на сите докази во целина, по извршената единечна и вкрстена анализа на сите факти во предметот, констатира дека надлежните органи постапиле по нејзините иницијативи за испитување на наводите од пријавата и за преземање мерки и дејства од нивна законска надлежност. За утврдените недостатоци, незаконитости, неправилности и пропусти, преземени се мерки од страна на Управата за јавни приходи и Управата за финансиска полиција при Министерството за финансии на Република Северна Македонија, како и од страна на Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, кое во рамките на своите законски надлежности до Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија во Скопје доставило посебен извештај со прилог документација која била обезбедена од извршените проверки. Постапувајќи по извештајот на ова министерство, Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија во Скопје издало наредба до правосудната полиција за преземање истражни дејствија во предистражна постапка против службено лице во ///. Од страна на Основно јавно обвинителство на Република Северна Македонија во Скопје е доставено известување дека по однос на наводите во пријавата е оформен кривичен предмет заведен под /// и

дека по однос на истите се преземаат мерки и дејства од надлежност на истото ова обвинителство во Скопје. Оттаму, ДКСК оцени дека наводите од пријавата на подносителот се предмет на постапување од страна на надлежните органи за кривичен прогон, а ова по претходно преземени мерки и дејствија од нејзина страна, предметот нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, постапувањето по пријавата на подносителот да се запре и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.